**С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**08.11.2013 год.** **Бр.IX**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на деветтата седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 07.11.2013 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на деветтата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.11.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-910/1 од 08.11.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на деветтата седница, одржана на 07.11.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од осмата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.10.2013 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-879/3 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за Локална самоуправ („Сл. весник на РМ „ 5/02) и член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево ( „Службен гласник на општина Крушево„ бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 07.11.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А Т А**
**за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените за користење на Спортската сала во Крушево**

**Член 1**

Со ова Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цените за користење на Спортската сала во Крушево бр.07-224/4 од 28.02.2008 година и тоа на следниот начин:

Членот 4 од Одлуката се менува и гласи: „За користење на Спортската сала од страна на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево се определува паричен надоместок од 10.000,00 денари месечно”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-879/4 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование (“Сл.весник на Р.М.” бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/13), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на

Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ОУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2012/2013 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на УО "Никола Карев Крушево за учебната 2012/2013 година, бр.01-398 од 04.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ОУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.07-879/5 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 35 став 5, член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/13), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишната Програма за работа на ОУ "Никола Карев" Крушево за учебната 2013/2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на УО "Никола Карев" Крушево за учебната 2013/2014 година, бр.01-348/1 од 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ОУ "Никола Карев" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.07-879/6 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/13), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин за учебната 2012/2013 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на УО "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин за учебната 2012/2013 година, бр.01-145/1 од 03.09.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.07-879/7 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 35 став 5, член 126 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/13), член 22 став 1 точка 8; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишната Програма за работа на ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин за учебната 2013/2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на УО "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин за учебната 2013/2014 година, бр.01-145/1 од 03.09.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-879/8 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89 и 89а од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06 и 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишниот- Извештај за учебната 2012-2013 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за учебната 2012-2013 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-77/3 од 03.09.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-879/9 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 89 и 89а од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната Програма за учебната 2013-2014 г. на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната Програма за учебната 2013-2014 година на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, бр.01-77/2 од 03.09.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.07-879/10 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишниот- Извештај за работата на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2012-2013 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2012-2013 година, бр.02-65/3 од 25.06.2013 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-879/11 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13),член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 35 и член 94 од Статутот на

Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за прифаќање на Годишната- Програма за работата на***
***ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2013-2014 година.***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Годишната-Програма за згрижување и воспитно-образовна работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2013-2014 година, бр.01-86/2 од 16.09.2013 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-879/12 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.61/04) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.11.2013 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот***
***на Општина Крушево за периодот од 01.01.2013 год. до30.06.2013 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2013 год. до 30.06.2013 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-879/13 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа нас член 22а од Законот за спорт („Сл. весник на РМ„ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 8/11 и 64/12) , член 22 став 1 точка 6; член 36 став 1 точка 8 и 15 од Законот за Локалана самоуправ („Сл. весник на РМ „ 5/02) и член 18 став 1 точка 6 и 13, член 22 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ( „Службен гласник на општина Крушево„ бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 07.11.2013 година, донесе:

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013-2014 год.**

Со ова се врши измена и дополнување на Програмата за развој на спортот во Општина Крушево за 2013-2014 година бр.07-786/4 од 03.10.2013 година и тоа на следниот начин:

Во точка 1.2. Изградба на нови Спортски објекти односно доградба на започнатите, по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи: „Објектот Snow-board-park на месноста „Станич" се утврдува како објект кој е од Јавен интерес за развој на спортот во Општина Крушево", согласно одредбите од Законот за спорт.

Алинеја 3, 4, 5 и 6 стануваат алинеја 4, 5, 6 и 7.

Ова дополнување станува составен дел на Програмата бр.07-786/4 од 03.10.2013 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-879/14 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012 и 55 од 2013 година. ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ.бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 07.11.2013 година ја донесе следната:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 година; 07-678/24 од 30.08.2013 година и 07-732/11 од 19.09.2013 година се дополнува во точка 2 со став 2.21 и гласи:

**2.21. Детален Урбанистички План за ГРАТСКА ЧЕТВРТ 9 блок 9.3. ; блок 9.4. ;блок 9.1-дел и блок 9.2-дел за изградба на затворен пливачки базен.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Детален Урбанистички План за изградба на затворен пливачки базен со трибини се усогласени со новиот ГУП за град Крушево **за** ГРАТСКА ЧЕТВРТ 9 блок 9.3.; блок 9.4.; блок 9.1.-дел и блок 9.2.-дел прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

3.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 година, бр.07-20/9 од 09.01.2013 година, и дополнувањето на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2013 год. бр.07-609/7 од 30.07.2013 година, бр.07-678/24 од 30.08.2013година и бр.07-732/11 од 19.09.2013 година.

**Бр.07-879/15 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 53 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 и член 70 став 4 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), а во врска со известувањето од Градоначалникот на Општина Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на член од Советот на Општина Крушево**
**да одлучува по Јавен оглас**

1. **ТОНИ ВРЕНОЦОВСКИ**-член на Советот на Општина Крушево се определува за одлучување во постапката за Јавна набавка по објавениот оглас 17/2013 за набавка на прехрамбени продукти и пијалоци и средства за хигиена во текот на 12 месеци.

2. Членот на Советот од точка 1 на ова Решение ќе одлучува за избор на најповолен понудувач после извршената е-аукција и со истиот ќе склучи договор за доделување на јавна набавка.

3. Овластувањата кои се дадени со ова Решение ќе ги извршува по огласот 17/2013 се до потпишување Договор за јавна набавка.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина.

**Бр.07-879/16 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и Фондации („Сл.весник на Р.М." бр.52/10 и 135/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање Согласност на Здруженито на граѓани „ЛАЈОНС-Клуб" во основање**
**да може да го употреби името Крушево**

1. Се дава Согласност на Здржението на граѓани „ЛАЈОНС-Клуб" во основање да може да го употреби името Крушево во состав на името на Здружението.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина.

**Бр.07-879/17 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-38/1 од 08.01.2013 година од Радио Аматерски Клуб „Коча Миленку" Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.11.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.07- од 2013 година од Радио Аматерски Клуб „Коча Миленку” Крушево.

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр. 240200001896660, депонент УНИ Банка Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-879/18 од 07.11.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 19 а. од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на Р.М.” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10 и 6/12), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Комуна” Крушево**

**Член 1**
Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈП “Комуна” Крушево.

**Член 2**
Потребно е да објави Јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Комуна” Крушево, заради истекот на мандатот на директорот.

**Член 3**
Во Јавниот конкурс да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот конкурс и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот конкурс да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до Архивата на Општина Крушево.

**Член 4**
Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од Градоначалникот на Општина Крушево и во рок од 8 дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до Градоначалникот на општината.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата, донесува одлука за избор на директор.

**Член 5**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-831/1 од 16.10.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 123 став 1 од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на Р.М.” бр.23/2013), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен оглас во Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево**

**Член 1**
Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен оглас за избор на директор во Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево.

**Член 2**
Управниот одбор на Детската градинка потребно е да објави Јавен оглас за избор на директор на Детската градинка, заради истекот на мандатот на директорот.

**Член 3**
Во Јавниот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот оглас да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

**Член 4**
Управниот одбор на Детската градинка „Гонча Туфа” по претходно спроведена постапка, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.

**Член 5**

При спроведување на постапката Управниот одбор да ги почитува одредбите од Законот за заштита на децата и одредбите од Статутот на Детската градинка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-830/1 од 16.10.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002 ), член 15 од Законот за земјоделското земјиште (“Сл.весник на Р.М.” бр.135/2007; 18/11; 148/11; 95/12 и 87/13), Градоначалникот на Општина Крушево го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за формирање на комисија за потврдување на бесправен објект изграден на земјоделско земјиште***

**1.СЕ ФОРМИРА** комисија, за потврдување на бесправен објект изграден на земјоделско земјиште во состав:

-Васил Јошески, дипл.градежен инжинер-претседател,
-Лиле Цветкоска-член-општинска администрација;
-Нели Филипоска-член-општинска администрација;

2.Комисијата од горниот состав ја утврдува фактичката состојба на самото место и составува записник за извршен увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект или оранжерија и фотографии од истиот.

3. Решението стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Решението да се достави до именуваните и архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-900/1 од 05.11.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на деветтата седница на Советот на Општина Крушево ........................................................... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од осмата седница на Советот на Општина Крушев............................................................... 1
3. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цените за користење на Спортската сала во Крушево ..1
4. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ОУ „Никола Карев” Крушево за учебната 2012/2013 година ........ 2
5. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ОУ „Никола Карев” Крушево за учебната 2013/2014 година ........ 2
6. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ОУ „Св.Кирил и Методиј” с.Бучин за учебната 2012/2013 година ................................................................. 2
7. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ОУ „Св.Кирил и Методи” с.Бучин за учебната 2013/2014 година ................................................................. 2
8. Заклучок за прифаќање на Годишниот Извештај за учебната 201-2013 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево ... 3
9. Заклучок за профаќање на Годишната Програма за учебната 2013-2014 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево ... 3
10. Заклучок за пригаќање на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево за учебната 2012-2013 година................................................................. 3
11. Заклучок за прифаќање на Годишната-програма за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево за учебната 2013-2014 година............................................................. 4
12. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2013 година до 30.06.2013 година .......................... 4
13. Измени и дополнувања на Програмата за развој на спортот во Општина Крушево за 2013-2014 година ............................................. 4
14. Дополнување на Програмата за Урбанистичко Планирање на Општина Крушево за 2013 година ................................... 4
15. Решение за определување на член од Советот на Општина Крушево да одлучува по Јавен Оглас ......................................................... 5
16. Решение за давање Согласност на здржението на граѓани „Лајонс” Крушево” во основање да може да го употреби името Крушево ............................................................ 5

17. Решение за исплата на финансиски средства на Радио Аматерски Клуб „Коча Миленку” Крушево ................................................................ 5
18. Одлука за објавување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Комуна” Крушево ............................................................................ 6
19. Одлука за објавување на Јавен оглас во Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево ............................................................................ 6
20. Решение за формирање комисија за потврдување на бесправен објект изграден на земјоделско земјиште ..................................... 7

Редакциски одбор на Општина Крушево.